**20160300791**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПАТУВАЊЕ РАБОТНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРУГИ ДРЖАВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ПРЕКУ ПРОЕКТНИ ДОГОВОРИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ СЕЗОНСКИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-874/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПАТУВАЊЕ РАБОТНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРУГИ ДРЖАВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ПРЕКУ ПРОЕКТНИ ДОГОВОРИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ СЕЗОНСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи („Службен весник на Република Македонија” број 166/12), во членот 5 по ставот 4 се додаваат три нови ставови 5, 6 и 7, кои гласат:

„Доказите и податоците од алинеите 2, 4, 5, 6 и 8 од став 4 на овој член се прибавуваат по службена должност.

Овластеното службено лице од министерството надлежно за работите од областа на трудот кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара по службена должност доказите и податоците од ставот 5 на овој член од надлежниот јавен орган.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно да постапи по барањето од ставот 6 на овој член и да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.”

Член 2

Во членот 10 став 4 зборовите: „министерот надлежен” се заменуваат со зборовите: „министерството надлежно”.

Во ставот 5 зборовите: „Министерот надлежен” се заменуваат со зборовите „Министерството надлежно”.

Член 3

Во членот 19 став 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со Законот за општата управна постапка.”

Член 4

По членот 21 се додава нова Глава VI-а и два нови членови 21-а и 21-б, кои гласат:

„VI-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 21-а

Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од министерството надлежно за работите од областа на трудот ако во рок од три дена од денот на приемот на барањето не ги побара доказите и податоците по службена должност (член 5 став 6).

Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган ако не ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 5 став 7).

Член 21-б

За прекршоците од членот 21-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.”

Член 5

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).